







# Скопје во 2014 со Александар и триумфална порта

**По две години од почетокот на масовната урбанизација, Владата го промовира сопствениот замислен изглед на центарот**

**Деспина Трајковска**



**Со црква, но без џамија на плоштадот „Македонија“, двокатни автобуси, реплика на Триумфалната капија, бројни споменици и објекти во барокен и антички стил, минувачите во центарот на главниот град ќе живеат духот на некои минати времиња**

Новиот урбанистички лик што ќе го има срцето на Скопје во 2014 година ќе го врати градот многу години, па дури и векови назад. Градбите, предвидените споменици и сите зданија ќе потсетуваат на стари времиња. На плоштадот, дефинитивно, ќе се изгради црквата „Свети Константин и Елена“, но не и Бурмали-џамија. И двокатните автобуси ќе возат по улиците.

„Скопје во 2014 година естетски ќе доживее преродба, ќе се влијае на позитивирање на духот на нацијата, ќе се изврши симбиоза на различните културно-историски и урбанистички стилови, ќе се изврши интеграција на левиот и десниот брег на Вардар, ќе се задржи интензитетот на живост во текот на целиот ден...“. Така сметаат од Владата и од Општина Центар, кои две години откако почнаа со масовна урбанизација на централното градско подрачје, конечно, ѝ го доловија на јавноста ликот на центарот на македонската метропола. Со шест и полминутна анимација 3-Д пред медиумите, пред авторите на дел од зданијата, неколкумина градоначалници и други функционери, но и пред повеќе пејачи, спортисти и актери, се прикажа ликот на центарот на Скопје во 2014 година.

Во очигледно монтирана атмосфера, во повеќе наврати делови од презентацијата беа пречекувани со аплаузи, а особено громогласно беше поздравен споменикот на Александар Македонски. Аплаузи добија и триесетината споменици, куполите на Собранието, портата „Македонија“, двата моста преку Вардар со по 29 скулптури, живите врби и водоскоци во реката, двата хотела на плоштадот, новите фасади на постојните стари објекти. И двокатните автобуси се претставени во Скопје 2014 година, како и комплексот од четири објекти наменети за државната администрација од левата страна на Вардар.

Градоначалникот на Општина Центар, Владимир Тодоровиќ, видно возбуден рече оти е убеден дека Скопје за четири години ќе изгледа уште поубаво отколку што е прикажано на анимацијата. Верува дека македонската метропола ќе се вброи во рангот на европските како што се Прага, Париз, Будимпешта...

„Сите зданија во реалноста се многу поубави. За анимацијата се користени макети и слики, така што не е видлив во целост уметничкиот приказ. Убеден сум дека Скопје ќе стане пофункционален град, побогат со содржини и поатрактивен за туристи“, истакна Тодоровиќ.

Во писменото образложение на „Скопје 2014“ е наведено дека иако црквата е претставена во анимацијата, сепак, од МПЦ нема потврда дали и кога ќе се реализира овој објект, бидејќи, наводно, црковните власти сè уште не донеле одлука. „Според ова, не може со сигурност да се потврди дали овој објект ќе биде завршен или започнат до 2014 година“, стои во образложението. Од него, како и од анимацијата може да се констатира дека на скопскиот плоштад, дефинитивно, ќе нема џамија на чија изградба инсистираат од ИВЗ. Таму ќе се гради Градска куќа и летниковец. Сите фасади на постојните објекти во централното подрачје ќе добијат поинаков лик, стилски. Какви точно, наскоро ќе одлучи Градот, кој ќе распише конкурс за идејни решенија.

Прв пат вчера јавноста дозна дека објектот на поранешната стоковна куќа „Типо“, сегашен трговски центар „Сити галери“, ќе стане македонскиот Пикадили, односно Тајмс сквер. Сопственикот на објектот планира да монтира на него големи монитори за рекламирање. Реализацијата на сите овие проекти, според министерката за култура, Елизабета Канческа – Милеска, ќе значат, конечно, естетско обликување на скопскиот плоштад.

„За жал, морам да забележам дека целокупната расправа околу интензивната изградба на објектите во Мал ринг на моменти ме потсетува на 'Срекна нова'. Критики секогаш ќе има и добро е да ги има, но тие треба да бидат засновани на аргументи и факти. Лесно е да критикуваш, но многу е тешко да создадеш нешто трајно“, рече Канческа – Милеска, реплицирајќи на негативните критики на дел од јавноста откако почна урбанизацијата на срцето на Скопје.

Официјалната презентација на урбанистичките визии за центарот Скопје за кусо време предизвика лавина од реакции во јавноста, генерално, негативни. Бурни коментари, но и исмејување беа најзабележани на блоговите и на „Фејсбук“, а 3-Д анимацијата кусо време по постирањето на „Јутјуб“ имаше огромна посетеност. За „Скопје 2014“ се коментираше и во републичкото Собрание. Кај пратениците од СДСМ и од ЛДП предизвика негативни коментари.

„Ниту СДСМ ниту граѓаните на Македонија не можат навреме да реагираат на сите овие секојдневни лудории што ги прави Владата на Никола Груевски и, секако, локалната самоуправа под водство на оваа Влада“, реагираше пратеничката од СДСМ Цветанка Иванова, според која урбанизацијата, криминалот, корупцијата и трошењето народни пари за разни споменици одат во бескрај. Иванова конкретно реагираше на предвидената коњаничка скулптура на Никола Карев во зеленилото пред Собранието. На Владата ѝ порача оти попаметно би било парите наменети за овој споменик да се пренаменат за решавање на проблемите на вработените во АРМ.

„Главниот град на Република Македонија се претвори во град на кичот и невкусот. На секој чекор никнуваат споменици со различна концепција и никакви естетски вредности. Особено не можам да ја сфатам љубовта на оваа Влада кон коњите“, изјави пратеничката на ЛДП, Роза Топузова - Каревска, која смета дека Владата ја зафатило „коњофилство“. Според неа, Карев никаде не бил претставен на коњ, па затоа и овој проект е незамислив.

Инаку, вчера почнаа и подготовките на теренот за поставување на постаментите на неколку споменици. Поточно, започнаа активностите за поставување на постаментите на спомениците кои пред нецел месец пристигнаа од Фиренца. Се обележуваше просторот за поставување на постаментите на Гоце Делчев и Даме Груев, кои качени на коњ ќе „јаваат“ од двете страни на Камениот мост, како и местото на кое ќе се постави фонтаната и триесетметарскиот споменик на Александар Македонски. Истовремено, како што најави Тодоровиќ, ќе се работело и на теренот за поставување на двата лава на мостот „Гоце Делчев“. Сите, освен македонскиот војсководец, ќе „заживеат“ наскоро. За споменикот на Александар, според Владата и Општината, засега само ќе почне изградбата на постаментот и на фонтаната и се очекува да заврши за една година. Војсководецот, според неодамнешните најави, ќе се постави не порано од 2012 година.

## „Плоштад слобода“ го бранеше центарот

„Не го силувајте Скопје“, „Слободно Скопје“, „Одете си“. Ова беа само дел од пораките на активистите на „Плоштад слобода“ испишани вчера на тукушто поставените тараби со кои се означи просторот каде што е предвиден да се постави споменикот на Александар Македонски. На овој начин од граѓанското здружение го искажаа својот револт кон замислената урбанизација на центарот на главниот град. На триесетината активисти спонтано во попладневните часови им се придружија и десетици граѓани кои не се согласуваат со урбанистичките визии на Владата и Општина Центар. Граѓаните мирно протестираа под будното око на полицијата. Наводно, двајца од активистите биле легитимирани и им била напишана казна поради нагрдување на тарабите со спреј и испишување несоодветни пораки.




ФОТО: КИРО ПОПОВ